Врз основа на Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционерите на Прилепска пиварница АД – Прилеп, бр.0202-293/2 од 26.04.2023 година, Управниот одбор на Прилепска пиварница АД – Прилеп до акционерите објавува:

# П О В И К
## за учество на Годишно Собрание на акционери

Годишното Собранието на акционери на Прилепска пиварница АД – Прилеп ќе се одржи на ден 31.05.2023 година (среда) во 12.00 часот во Ресторанот во седиштето на друштвото ул. "Цане Кузманоски" бр.1 Прилеп, со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**Процедурален дел**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на Претседавач на Собранието
- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови

**Работен дел**

1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК),
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година
2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година
3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12. 2022 година
4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2022 година
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2022 година.
5. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година
   - Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп
6. Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2022 година
7. Предлог – Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)
8. Предлог-Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2022 година
9. Предлог-Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2022 година
10. Предлог – Одлука за стекнување сопствени акции со откуп
11. Предлог-Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Прилепска пиварница АД Прилеп, должен е да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават до седиштето на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп на ул."Цане Кузманоски" бр.1 Прилеп во Општ и правен сектор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и информации за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 8 дена од денот на објавување на јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk**.**

Материјалите за Собранието на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп и дополнителни информации, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавување на овај повик, во седиштето на друштвото, во Општ и правен сектор од 12.00 до 16.00 часот секој работен ден како и на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk.

**УПРАВЕН ОДБОР**

________________________